Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 434-та ИТНА седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, март 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 14.03.2023, вторник во 13,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **м-р.Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Зоран Герасимоски**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **м-р.Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;

Оправдано отсутни членови:

- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член *(на службено патување во Брисел)*;
- **Мери Радевска**, член *(користи годишен одмор)*;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, генерален секретар;
- **Владимир Станковиќ**, државен советник и
- **м-р.Вера Андрејчин**, советник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека нема присуство на друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, го изложи предлог Дневниот ред за 434-та седница:

1. Номинирање претставник од Република Северна Македонија во меѓународниот кривичен суд;
2. Рагледување на дописи од Врховниот суд на РСМ;

1\. Разно

Откако констатира дека никој не се јави за збор по однос на предложениот дневен ред, Претседателот на Советот **Весна Дамева** Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ едногласно е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Номинирање претставник од Република Северна Македонија во меѓународниот кривичен суд;

2.Рагледување на дописи од Врховниот суд на Република Северна Македонија;

3.Разно

**Точка 1**

(Разгледување на барање за номинирање претставник од Република Северна Македонија во меѓународниот кривичен суд)

За збор се јави Претседателот на Советот **Весна Дамева**. Истакна дека од страна на Министерството за надворешни работи по е-маил на 13.03.2023 година е доставено барање за формална номинација на кандидат на судија во Меѓународниот кривичен суд врз основа на отворен повик за номинација на судии од страна на земјите страни на Собранитето на Римскиот статут, а согласно член 36 параграф 4 од Римскиот статут. Појасни дека дел од постапката опфаќа формална номиниција од страна на Судскиот совет на РСМ како надлежен орган за номинација на кандидати од висока судска позиција. Во дописот било наведено дека МНР ја поддржува номинацијата на судија Мирјана Лазарова Трајковска, судија на Врховниот суд на РСМ и поранешен судија на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Во прилог на дописот е доставена и документација од секретарот на Меѓународниот кривичен суд.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** која наведе дека е чест да се номинира судија од нашата држава во Меѓународниот кривичен суд, бидејќи откако Република Северна Македонија е самостојна држава не се сеќава дека државата има номинирано судија во овој суд. Во однос на предлогот судијата Мирјана Лазарова Трајковска да биде номинирана за судија во меѓународниоткривичен суд наведе дека се работи за исклучителен судија, кој своето работење го докажа како поранешен судија во Европскиот суд за човекови права и дава подршка за ваквата номинација. Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе добие важно место и улога во државата со една ваква номинација.

За збор се јави Членот на Советот **Павлина Црвенковска** која истакна дека се согласува со Членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** по однос на тоа дека е добро и чест за државата да биде номиниран судија во меѓународниот кривичен суд од редот на судиите од нашата држава. Смета дека судијата Мирјана Лазарова Трајковска со нејзиното искуство во Европскиот суд за човекови права, а моментално работи на кривична материја во Врховниот суд на РСМ може апсолутно да одговори на задачата која би претстоела во Меѓународниот кривичен суд. Смета дека Судскиот совет треба да даде позитивно мислење по однос на оваа кандидатура и формална номинација како што е во барањето од Министерството за надворешни работи. Согласно Законот за Судскиот совет на РСМ, во надлежностите постои пропуст кој треба да се исправи. Советот нема надлежност да предлага судии во

Европскиот суд за човекови права и во Меѓународниот кривичен суд. Но во секој случај смета дека Судскиот совет треба да го поддржи ова позитивно мислење.

За збор се јави Членот на Советот **Сашко Георгиев** кој наведе дека се согласува со претходно изнесеното, а од друга страна дава целосна подршка за номинацијата и лично ја познава судијата и има добро мислење за нејзе. Постави прашање колку време трае мандатот во тој суд, на што доби одговор дека трае 9 години, што е штета за нашиот суд што ќе нема ваков стручен судија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека е неспорно задоволство на нашата држава да предложи судија и се надева дека ќе биде избран судија во меѓународниот кривичен суд. По однос на барањето како што е поставено од МНР се согласува со наводите на Членот Павлина Црвенковска дека формална номинација Судскиот совет не може даде бидејќи согласно член 36 од Законот за Судскиот совет на РСМ, но може да ја поддржи кандидатурата и за тоа нема пречки. Добро е Судскиот совет што може да истакне дека овој судија е со исклучиво висок морален углед, независност и интегритет. Истата е судија во највисокиот суд во државата има големо искуство во кривичната материја бидејќи работи такви предмети, а претходно има стекнато искуство како Уставен судија, кои се доволни гаранции дека нашата држава номинира кандидат кој што има сериозни квалификации за обавување на таа функција. При одоговорот до МНР треба оваа подршка да се поткрепи и со овие факти, по однос на моралните вредности, интегритет и стручност на судијата.Откако повеќе никој не се јави за збор, предлогот да се даде подршка за номинација на кандидат за судија во Меѓународниот кривичен суд да биде судијата Мирјана Лазарова Трајковска го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и 2 “Против” донесена е одлуката со мнозинство гласови.

Претседателот на Советот **Весна Дамева г**о задолжи Гененералниот секретар да изготви информација до Министерстовото за надворешни работи и согласно изложеното да се даде образложение на поддршката на номинација на кандидат за Меѓународниот кривичен суд за судијата Мирјана Лазарова Трајковска.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Разгледување на дописи од Врховниот суд на Република Северна Македонија)

● По повод 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** информираше дека од страна на Сузана Здравева поранешен судија во Апелациониот суд Штип и Стојанче Рибарев поранешен судија на Врховниот суд на РСМ доставени се жалби против решенија Советот и од страна на Врховниот суд на РСМ се бараат списите. Материјалите по однос на оваа точка

се доставени до членовите на Советот. Врховниот суд на РСМ бара од Судскиот совет да се доставаат списите по предметите за наведените судии.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Зоран Герасимоски** кој наведе дека Судскиот совет за прв пат се соочува со вакви барања. Вакви жалби се поднесуваат откако Врховниот суд на РСМ донел начелен став согласно Европскиот суд за човекови права. Наведе дека нема ништо против Врховниот суд на РСМ постапува по вакви жалби, но не сега и не во овие услови од причина што има точни законски одредби кои регулираат ингеренции на Врховниот суд на РСМ и на Судскиот совет на РСМ. Точно е определено кои се ингеренциите на Врховниот суд на РСМ, а кои се на Судскиот совет на РСМ. Начелниот став на ВСРМ служи за воедначување на судската пракса, но со начелен став условно кажано да се задира во ингеренциите на друго судско тело не се согласува. Се додека постои член 72 и 75 во Законот за Судскиот совет на РСМ и членовите во Законот за судовите, во оваа држава има точно пропишана рамка кој што и до каде може да дејствува. Доколку дојде до измена на овие одредби тогаш може да се постапува по овие жалби. Читајќи ја жалбата, истата е поднесен од 8-ми месец. Таква жалба во Законот за Судскиот совет е предвидено дека не може да се поднесува, никаде не е наведено кога се поднесува и која поднесува таквата жалба. Врховниот суд на РСМ е едно судскот тело, а Судскиот совет на РСМ друго судско телот кои немаат допирни точки ниту во ингеренциите ниту во нивното постапување. По конечната одлука донесена од Судски совет во 7-ми месец 2022 година, во член 77 став 6 е предвидено дека против таквата одлука не е дозволена ниту жалба ниту тужба. Таа жалба била отфрлена. Сега повторно се бара Судскиот совет да достави списи на завршен правосилен предмет односно да се оживува предметот. Согласно овој член по него сега не треба ни да има постапување. Со давање на тие списи се оди на недозволено постапување. Постапката овде е завршена. По однос на ова може во иднина и други колеги кои се разрешени да поднесуваат жалби. Наведува дека ќе гласа против ваквото барање. Не треба Советот да се впушта во некои работи кои законот не ги дозволува.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој истакна дека согласува со колегата Зоран. Од Судскиот совет се бараат списи по повод изјавена жалба. Целта на Врховниот суд со овој допис е практична примена на скоро донесениот начелен став. Со начелен став, Врховниот суд ја воедначува судската праска, но со ваков начелен став не смее да се дерогираат позитивните прописи, со ваквиот начелен став се дероигира надлежноста на Судскиот совет на начин што на Врховниот суд му се дава право да одлучува по жалба. Ова не треба да се дозволи. Ќе се најдеме во неповолна позиција во услови кога спротивно на закон некој ќе постапи, тогаш Судскиот совет ќе биде директно повикан бидејќи ја следи работата на судовите. Наведе дека ќе гласа да не се доставуват списите. Се работи за постапка во која Судскиот совет постапувал и истата е конечно завршена постапка.

За збор се јави Членот на Советот **Сашко Георгиев** кој наведе дека се работи за интересно прашањње и интересна дилема. Начелните ставови на

Врховниот суд се обврзувачки за сите судови. Смета дека не може да се гледа како начелно мислење на Врховниот суд дека се коси со законот. Тој начелен став има своја правна моќ. Од друга страна има закон по кој работи Судскиот совет. Сега Судскиот совет се наоѓа во пат позиција. Сите колеги сакаат да работат по закон. Со нашата совест не смее да се крши законот. Дали треба Уставниот суд да се произнесе за ваквата работа, дали е согласно закон таквото барање на Врховниот суд. Во дадената ситуација треба да видиме како да се постапи со ова барање на Врховниот суд. Од друга страна предметите се завршени.

За збор се јави Членот на Советот **Павлина Црвенковска.** Исткна дека Советот не се наоѓа во пат позиција ниту треба да чека одлука на Уставне суд за ова прашање. Наведе дека Членот Сашко треба да знае што обврзува начелниот став. Дали може да се дерогираат одредби од закон на Судскиот совет бидејќи се работи за независно тело кои избира и разрешува судии. Во конкретниот случај правните лекови се веќе искористени. Подносителите поднеле жалба до Врховниот суд. Судот одлучил, а потоа и Судскиот совет. После година дена на поднесени жалби Судскиот совет расправа дали треба да се достават списи до Врховниот суд за одлучување по жалба. Доколку Судскиот совет ги достави списите тоа ќе биде едно незаконско постапување Не може Врховниот суд да носи заклучок и да формира жалбен совет. Наведе дека ќе гласа против. Можеби во иднина Уставниот суд ќе се произнесе за оваа работа, а можеби и законодавецот ќе ги смени одредбите од Законот за Судскиот совет. Моментално се изготвува новата стратегија, која е поднесена до Врховниот суд од Министерството за правда. Но дури тогаш ќе може да се разговара на таа тема и како членовите треба да го заштитат и интересот и ингеренциите кои ги има Судскиот совет.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** се јави за збор како реплика и појасни дека не рекол да се достават списите, туку рекол можеби како идно време. Наведе дека треба да се знае надлежноста на Уставниот суд. Во ваквата ситуација улогата е на Уставниот суд. Но во исто време не треба да се занемарува начелниот став на Врховниот суд генерално за сите случаи, не само за овој. Не рекол дека треба да се впушти Советот во одлучување, бидејќи се работи за завршена работа, туку само на одлуката како општ начелен став. Навел пат позиција бидејќи има судир од начелниот став на Врховниот суд. Како ќе каже Уставниот суд така ќе биде. Наведе дека зборува правно и правно се разбираат колегите.

За збор се јави Заменик претседателот на Советот **м-р.Селим Адеми** и наведе дека уште пред неколку месеци укажал дека не постои почитување во државата. Постои институционално карање помеѓу колегите. Во случлајов има начелен став кој е објавен. Тој став е донесен од судии во Врховниот суд. Дали е згрешено или не тоа индивидулано прашање. Има Уставен суд и ќе каже. Членот барал уште од порано еднаш на три месеци да има средба на Советот со судиите од Врховниот суд. Наведе дека ќе гласа да не се достават списите. Со ова е заврешна работа, но наведува што е намерата на ВСРСМ со овие списи. Советот не го знае размислувањето на ВСРМ. Не значи дека судијата ќе го вратат на работа, но не се знаела намерата на Врховниот суд. Намерата на законодавецот била тоа дека втората одлука на Судскиот совет е конечна.

За збор се јави членот на советот **м-р.Миљазим Мустафа** и наведе дека целосно се согласува со излагањето на Членовите Зоран Герасимоски и Павлина Црвенковска, делумно со Селим Адеми, а не се согласува со Сашко Георгиев. Зошто се става улогата на Уставниот суд, бидејќи Советот нема информација дека била покрената некоја иницијатива во однос на оваа дискуција. Ситуацијата тука е многу чиста без никакви дилеми. Постапката е правосилно завршена бидејќи Судскиот совет донел одлука по втор пат по враќање на Советот кој одлучува по жалба во Врховниот суд и според Уставот, амандманот XXIX и членот 72 став 6 од Законот за Судскиот совет постапката по овие предмети е завршена. Нема можност за жалба, тужба или било каков редовен или вонреден праевн лек.

За збор се јави членот на советот **Зоран Герасимоски** и надополни дека се согласува со Членовите м-р.Миљазим Мустафа и Селим Адеми, со надополнување на изјвата на Селим за тоа зошто ги бараат списите па тогаш не знае ни Советот зошто ги праќаме. На седницата се одлучува за барање за достава на списи, а не законитоста на начелен став. Советот не ја цени законитоста на на начелниот став. Се согласува дека начелниот став има голема тежина. Начелниот став треба да се почитува, но во рамките на водначување на судската пракса на пониските судови. Треба да се почека Уставниот суд да одлучи, а потоа ќе може да се доставуваат списи. Сега во оваа ситуација ќе се отвори пандорина кутија и формирање на некој жалбен совет за предмети кои се правосилно завршени. Начелен став не може да дерогира одредба од член 72 став 5 од Законот за Судскиот совет, Устав и одредби од Законот за судовите. Се знае функцијата на Врховниот суд, а се знае кои се ингеренциите на Судскиот совет.

За збор се јави членот на советот **Мирјана Радевска Стефкова**. Наведе дека во однос на ова барање за достава на списи и одредбите од член 72 став 5 и 6 на кои колегите се повикале дека конечната одлука е на Судскиот совет и според членот на Советот и покрај завршена постапка, судиите поднеле жалба до Врховниот суд односно до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд, се работи за Совет за одлучување по жалба односно не одлучува Врховниот суд, туку совет формиран да одлучува по жалба и сите знаат на кој начин се сочинува советот. Се работи за специфичен орган од судии во Врховниот суд. Овие поранешни судии иајзиле жалба иако се работи за конечна одлука, меѓутоа и по неа треба да се одлучи и да се отфрли односно не треба да виси одлуката. Затоа треба списите да се достават до Врховниот суд. Не е одгворност, ниту пак во надлежност на Судскиот совет да одлучува дали е дозволена жалбата или не. Начелниот став е задолжителен за советите на Врховниот суд, а жалбениот совет не е таков совет. За да се отфрлат жалбите треба да се има списи.

За збор се јави Членот на советот **Зоран Герасимоски** како реплика. Истиот наведе дека се согласува со членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова дека по овие жалби одлучува Совет за жалби при Врховниот суд, а не Врховниот суд, но во конкректиот случај не постои жалба за да одлучува. Тој совет не постои, треба да се формира со ждребање. Меѓутоа тој не треба да се формира бидејќи веќе е одлучено. На која одредба од Законот да се повика

советот на Врховниот суд за да одлучи по втор пат или трет пат односно нема по што да одлучува, бидејќи веќе е одлучено.

За збор повторно се јави членот на советот **Мирјана Радевска Стефкова** како реплика. Наведе дека по жалбите што се изјавени нема одлука. Жалбата е на одлуката од Судскиот совет. Не станува збор дали има право на жалба или не. Тие се физички поднесени и постојат. Тие не можат да останат без одлука. Од Врховниот суд е доставен доказ дека има жалби по кои не одлучил никој, но постојат како изјавени. Треба да има некаква одлука макар жалбата била недозволена.

Членот на советот **Павлина Црвенковска** наведе дека не е запазена постапката како се изјавува жалба, бидејќи треба жалбата да се изјави преку Судскиот совет до Врховниот суд.

Членот на советот **Мирјана Радевска Стефкова** како реплика наведе дека колегите од Судскиот совет се впуштаат во материјално одлучување.

За збор се јави членот на советот **Лорета Горгиева** и наведе дека кога има првостепена одлука и судијата кој одлучувал во прв степен кога добива жалба прво проверува дали жалбата е навремена, допуштена и дали е поднесена од овластен подносител. Доколку од формален аспект не се задоволени критериумите самиот судечки судија носи одлука со која отфрла жалбата како ненавремена, недопуштена или е поднесена од лице кое не е овластено за поднесување. Ова значи дека во вакви ситуации предметот не се доставува до Апелациониот суд на одлучување. Аналогно на оваа ситуација смета дека со самиот прием на таквата жалба Претседателот на Врховниот суд треба да донесе одлука дека жалбите се недопуштени, а исто така и процедурата за доставување е скокната бидејќи жалбата е доставена директно до ВСРМ. По однос на формирање на жалбен совет во Врховниот суд наведе дека не треба да има во никој случај.

Членот на советот **Мирјана Радевска Стефкова** како реплика наведе дека и во Врховниот суд доаѓале ненавремени и недозволени ревизии, односно првостепениот суд не постапил по истите. Има секаква пракса. Претседателот на Врховниот суд нема надлежност самиот да отфрла жалба.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се јави за збор и истакна дека Врховниот суд не требал да чека 7 или 8 месеци да донесе начелен став туку требало веднаш жалбите да ги достави до Судскиот совет за да одлучува по тие формални пречки. Тука нема дилема дека не треба да се доставуваат списите бидејќи Судскиот совет се впушта и од тоа нема назад. Ако законот за Судскиот совет не предвидел право на жалба сосема логично е дека не предвидел ниту орган, ниту формирање на жалбен совет, ниту рок за одлучување, гаранции за што може да се одлучи, ниту какви одлуки може да донесе. Во овој момент е надвор од секакво размислување. Не може да се прејудицира за одлуката на Уставен суд, бидејќи имало иницијатива. Тоа е предмет на друго размислување. Треба да се извести Врховниот суд дека списите нема да се доставaт.

За збор се јави Членот на советот **м-р.Ивица Николовски** постави прашање по кои позитивни правни прописи ќе постапи жалбениот совет на Врховниот суд. Поднесокот насловен како жалба треба со резолуција да биде завршен со а/а. Нема врз основа на што да постапува тој жалбен совет.

Откако повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** барањето да се достават списите на Врховниот суд за да се одлучува по жалбата на Сузана Здравева поранешен судија на Апелациониот суд Штип доставена до Советот за жалби при Врховниот суд на РСМ на 09.05.2022 година против решението на Судскиот совет на РСМ бр.10-39/21 пренос бр.10-4/2-2022 од 18.04.2022 година и жалбата на Стојанче Рибарев поранешен судија на Врховниот суд на РСМ доставена до Советот за жалби при Врховниот суд на РСМ против решението на Судскиот совет на РСМ од 21.07.2022 година заведено под бр.10-7/16 од 25.07.2022 година, го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 1 глас „За“ и 10 “Против” донесена е следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет на Република Северна Македонија расправаше по доставени дописи од Врховниот суд на Република Северна Македонија - жалба од поранешен судија на Апелациониот суд Штип, Сузана Здравева, изјавена преку полномошник адвокат Александар Гоџо и Александра Костеска од Адвокатско друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски од Охрид, против решение на Судскиот совет на РСМ бр.10-39/21, пренос бр.10-4/2-22-10 од 18.04.2022 година и жалба од Стојанче Рибарев, поранешен судија на Врховниот суд на РСМ, против решение на Судскиот совет на РСМ бр.10-7/16 од 25.07.2022 година, заради доставување на списи и согласно чл.72 ст.5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/19) одлучи да не се доставуваат до Врховниот суд на РСМ списите по предметите под погоре наведените броеви.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го задложи Генералниот секретар да го извести Врховниот суд на РСМ за донесната одлука.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на 3-та точка од Дневниот ред.

## Точка 3

(Разно)

За збор се јави Членот на советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека од медиумите видел дека Основниот кривичен суд Скопје го ослободил Д.Д., па оттука дали ќе се формира комисија или ќе се чека на одлука од Апалационот суд Скопје да одлучи по жалбата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се произнесе дека Судскиот совет веќе интензивно остварува работни посети. Оваа информација во медиумите ќе биде предочена на координаторот за Основен кривичен суд Скопје - Мери Радевска, а истата веќе имала детектирано и други предмети. При посетата на судот сите предметит ќе бидат детектирани.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека и во претходните недели имало вакви предмети кои предизивикуваат интерес во јавноста, па потоа го повикуваат Судскиот совет околу ефикасност на судството. Околу оваа работа Судскиот совет треба да биде повеќе ажурен. Не треба да се чека на одлука од Апелациониот суд Скопје бидејќи тој не е коректор на работата на судовите, туку тоа е Судскиот совет. Кога станува збор за правораздавање и ефикасно судство Судскиот совет треба да се заинтересира за донесените одлуки. Не може да биде оправдување слободно судиско убедување.

Членот на советот **Мирјана Радевска Стефкова** даде реплика и праша по кој член.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека по член 2 од процесен закон. Судијата треба да обрне внимание при водење на постапката. Членот на советот не може да даде образложение што е тоа крупна професионална грешка бидејќи тоа според него е незаконита одлука. Повисокиот суд има обврска меѓутоа и пониският суд е должен при изрекување на казна да ги прочита и примени одредбите околу изрекување казна. Дали законските услвои се исполнети за одреден судија да донесе одлука условна осуда или во конкретниот случај донесена е одлука затоа што странката прв пат доазнала вчера кога ја поминала границата во Македонија. Јавна тајна било дека имало барање за амнестија.

За збор се јави Членот на советот **Ханиф Зендели** по кој чен може член на Судскиот совет да се повика и да постапи.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека тоа е член 36 од КЗ. Секој закон ни дава право да се применува и толкува во рамки на својата надлежност, а Советот треба да утврди што е крупна професионална грешка. Предмет за тешки дела против здравјето на луѓето каде има поригорозна казна да се намалат последиците е применет член 49 и се определува условна осуда. Каде е тука превенцијата, целта на казната. Упатуваме порака дека може да се формираат здравствени установи, може да создавате жртви, може да се прави нелојална конкуренција, бидејќи ќе ви следи условна осуда. Наведе дека сака да го види тој предмет и ќе докаже дека е сторена крупна професионална грешка бидејќи е донесена незаконита одлука. Наведе дека сака да го види и образложението на одлуката, да се види кои последици се отстранети и дали ја надоместил штетата на жртвата која е 30 годишен инвалид. Ако така се носи одлуки тоа е извор на корупцијата во судството. За таква одлука однапред се знае. Не може да се даде придонес во судстовто и да се даде правораздавање.

За збор се јави Членот на Советот **Зоран Герасимовски** кој надополни дека нашето судство е ефикасно, нашето судство е добро, но Судскиот совет треба да води сметка за сензитивни предмети, за нив да се води сметка како да се постапи.

За збор се јави Членот на советот **Сашко Георгиев** кој наведе дека во целост се согласува со членот Зоран Герасимовски. Нагласи дека да се чека период од  после година-две е навистина касно.

Заменик претседателот **м-р.Селим Адеми** наведе дека кога медиумите сакаат да биде интересно тоа и ќе биде интересно. Согласно објавениот годишен извештај на Судскиот совет, никој не го фали Советот. На заменик претседателот не му била намера да се формира комисија веднаш, туку да се следат состојбите во медиумите.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** откако констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост**,** ја затвори седницата.

Седницата е завршена во 14.30 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Весна Дамева**

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева